# НАСОКИ ЗА НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНИОТ ПРАШАЛНИК ЗА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ

Безбедносниот прашалник за физичко лице, уреден со Правилникот за формата и содржината на обрасците на безбедносниот прашалник и на безбедносните сертификати („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107/25) е образец што се пополнува од страна на лицето кандидат кој има потреба да поседува безбедносен сертификат (национален, НАТО или ЕУ) во зависност од степенот на класифицираните информации (ДОВЕРЛИВО, СТРОГО ДОВЕРЛИВО или ДРЖАВНА ТАЈНА) до кои тоа лице е потребно да има пристап согласно принципот „потребно е да знае“. Безбедносниот прашалник го пополнува кандидатот, на македонски јазик со кирилско писмо.

Безбедносниот прашалник содржи вкупно 8 страници, вклучувајќи ја и Изјавата којашто е составен дел од Безбедносниот прашалник. Прашањата на кои треба да се одговори се поделени на 21 (дваесет и една ) група, а некои од групите се поделени во подгрупи. Задолжително е да се одговори на секое прашање. Доколку за одредени прашања немате одговор потребно е истите да се обележат со „x“ или „/“. На прашањата на кои е потребно да се одговори со „ДА“ или со „НЕ“, потребно е да се впише или да се заокружи точниот одговор, а за прашањата за кои ви недостасува одговор треба да се наведе „немам одговор“. По пополнувањето, прашалникот и Изјавата се печатат и кандидатот своерачно ја потпишува Изјавата со пенкало.

Прашањата на кои треба да се одговори во Безбедносниот прашалник се поделени на следниве групи:

## 1. ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Се наведуваат лични податоци за кандидатот:

- **Име татково име и презиме** - се наведува целосното лично име, татково име и презиме на кандидатот.
- **Датум на раѓање** - се наведува ден, месец и година на раѓање.
- **Место на раѓање** - се наведува местото на раѓање (населено место, општина, град и држава на раѓање).
- М**атичен број (МБ)** – се наведува матичниот број на раѓање од личен документ за идентификација (пр. 1212xxxxxxxxx).

## 2. ДРУГИ КОРИСТЕНИ ИМИЊА И ПРЕЗИМИЊА

Се наведуваат другите имиња и презимиња кои сте ги користеле и временскиот период кога сте ги користеле (на пр. моминско име и презиме, име и презиме од поранешен брак, поранешни имиња и презимиња).

- **Име и презиме** – се наведуваат името и презимето.
- **Од (м/г)** - се наведува периодот, односно месецот и годината од кога наведеното име и презиме е користено.
- **До (м/г)** - се наведува периодот, односно месецот и годината до кога наведеното име и презиме е користено.

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА:

Се наведуваат податоци за документите за лична идентификација:

- **Број на лична карта** - се наведува бројот на личната карта.
- **Датум на издавање** - се наведува датумот кога е издадена личната карта.
- **Важи до** – се наведува датумот до кога важи личната карта.
- **Издадена од** - се наведува органот што ја издал личната карта.

- **Број на патна исправа** - се наведува бројот на патната исправа.
- **Датум на издавање** - се наведува датумот кога е издадена патната исправа.
- **Важи до** – се наведува датумот до кога важи патната исправа.
- **Издадена од** - се наведува органот што ја издал патната исправа

## 4. ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНТАКТ

Се наведуваат податоци за контакт со кандидатот:

- **Телефон на работа** – се наведува број на фиксен телефон на работното место (пр. 00389 02 xxx xxx).
- **Мобилен телефон** - се наведува број на службен или приватен мобилен телефон (пр. 0038970 xxx xxx).
- **Електронска пошта** - се наведува приватен или службен е-маил (пр. t.andreev@yahoo.com).

## 5. ДРЖАВЈАНСТВО

Се наведува името на државата чие државјанство поседува кандидатот.

## ДРЖАВЈАНСТВО НА ДРУГИ ДРЖАВИ

Се наведува името на државата чие државјанство поседува кандидатот.

- **Година на стекнување** - се наведува годината кога е стекнато државјанството.
- **Основ на стекнување на државјанството** - се наведува по кој основ е стекнато државјанството.

## ПОРАНЕШНИ ДРЖАВЈАНСТВА

Се наведува името на државата чие државјанство порано го поседувал кандидатот.

- **Период од-до:** - се наведува периодот за време на кој кандидатот го поседувал поранешното државјанство.
- **Основ на стекнување на државјанството** - се наведува по кој основ било стекнато државјанството.

**Дали во моментов сте во процес на добивање на државјанство од друга држава освен Република Северна Македонија? Ако да, која е таа држава?**

- Се одговара со ДА или со НЕ и во случај на потврден одговор се наведува името на државата.

## 6. АДРЕСА НА ЖИВЕЕЊЕ

**Наведете ги адресите каде имате живеено, почнувајќи од сегашната (#1) па наназад. Сите периоди мора да бидат наведени.**

- Се наведуваат сите адреси каде што сте живееле како и периодот од кога до кога (месец и година) сте живееле на таа адреса.
- Доколку живеете на привремена адреса на живеење, се наведува и таа адреса.

## 7. ОБРАЗОВАНИЕ

**Наведете ги образовните институции кои сте ги посетувале, почнувајќи од средно училиште па наваму, почнувајќи со најпоследното (#1) па наназад.**
**(Доколку не ви се доволни дадените полиња може да дополните на посебен лист кој ќе го прикачите на крајот на прашалникот.)**

- Се наведува називот и седиштето на сите образовни институции кои сте ги посетувале, периодот од кога до кога (месец и година) сте ги посетувале, степенот на стекнатата диплома, како и годината на завршување на образованието во секоја од институциите.
- Доколку не ви е доволен просторот за наведување на образовните институции, истото може да го направите на дополнителен лист кој ќе го прикачите на крајот на прашалникот.

**Доколку дел од образованието или стручното усовршување го имате завршено во друга држава наведете го периодот, образовната институција и државата (образложете подетално пр. размена на студенти, специјализации и сл.)**

- Се наведуваат податоци за образовната институција, државата во којашто се наоѓа истата, како и програмата, односно дали станува збор за размена на студенти, специјализација, постдипломски студии и сл.).

## 8. ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

**Наведете ги вашите вработувања, почнувајќи од моменталното (#1) па наназад.**
**(Доколку не ви се доволни дадените полиња може да дополните на посебен лист кој ќе го прикачите на крајот на прашалникот.)**

- Се наведуваат податоци за вработувањата, почнувајќи од моменталното вработување (#1) па одејќи наназад кон претходните вработувања. Се наведува периодот од кога до кога (месецот и годината) сте биле на наведеното работно место, називот и седиштето на работодавачот, работното место, како и името и презимето на непосредно претпоставеното лице со телефонски број за контакт.

- Доколку не ви е доволен просторот за наведување на податоците за вработувањата, истото може да го направите на дополнителен лист кој ќе го прикачите на крајот на прашалникот.

## 9. ЛИЦА ЗА КОНТАКТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Наведете три лица кои добро ве познаваат и живеат во Република Северна Македонија. Тие треба да бидат добри пријатели, колеги, цимери од факултет и сл. Не ги наведувајте вашиот брачен другар, поранешните сопружници или други роднини и обидете се да не наведете некој кој е наведен на друго место во овој формулар**.

- Се наведуваат името и презимето, адресата на живеење и телефонскиот број на секое од наведените лица.

## 10. БРАЧНА СОСТОЈБА

- Се заокружува точниот одговор кој ја прикажува вашата моментална брачна состојба, а потоа соодветно се пополнуваат графите под а) и б).

**а. Брачен/вонбрачен другар**

- Се наведуваат податоци за брачниот/вонбрачниот другар: име и презиме, датум и место на раѓање, матичен број, поранешно име и презиме, државјанство, државјанство на друга држава, поранешно државјанство и адреса на брачниот/вонбрачниот другар, ако е различна од вашата моментална адреса на живеење.

**б. Поранешен брачен другар**

- Се наведуваат името и презимето и датумот и местото на раѓање на поранешниот брачен другар.

## 11. СЕМЕЈСТВО

Се наведуваат податоци за семејството:

**а. Деца**

- Се наведуваат името и презимето, датумот и местото на раѓање, матичниот број и државјанството на секое дете. За државјанство се наведува моменталното, како и поранешни државјанства и државјанства на други држави доколку има.

**б. Лица постари од 18 години кои живеат со кандидатот во исто домаќинство**

- Се наведуваат името и презимето, сродството, датумот и местото на раѓање, матичниот број и државјанството на секое лице. За државјанство се наведува моменталното, како и поранешни државјанства и државјанства на други држави доколку има.

**в. Родители**

- Се наведуваат името и презимето, датумот и местото на раѓање, матичниот број и државјанството на родителите на кандидатот. За државјанство се

наведува моменталното, како и поранешни државјанства и државјанства на други држави доколку има.
- Се наведуваат името и презимето, датумот и местото на раѓање, матичниот број и државјанството на родителите на брачниот/вонбрачниот другар. За државјанство се наведува моменталното, како и поранешни државјанства и државјанства на други држави доколку има.

## 12. ВОЕНА И ПОЛИЦИСКА СЛУЖБА

- Се заокружува точниот одговор ДА или НЕ и соодветно се наведува воената пошта или полициската единица - установа каде сте биле на служба, како и чинот што сте го поседувале.

## 13. АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ДРУГИ ДРЖАВИ

- Под а), б) и в) се заокружува точниот одговор ДА или НЕ.
- Ако сте одговориле со ДА под а), б) или в) во полето наведете ги датумите, имињата на фирмите, институциите и лицата, и дадете објаснување за вашата активност.
- Доколку не ви е доволен просторот за одговор, истото може да го направите на дополнителен лист кој ќе го прикачите на крајот на прашалникот.

## 14. ПРЕСТОЈ ВО ДРУГИ ДРЖАВИ

- Се наведуваат имињата на другите држави каде имате престојувано подолго од 3 месеци, почнувајќи со последната држава на престој (#1) па наназад (се наведува периодот од кога до кога (месец/година) сте престојувале, причината за престој, како и адресата и државата.
- Доколку не ви е доволен просторот за одговор, истото може да го направите на дополнителен лист кој ќе го прикачите на крајот на прашалникот.

## 15. ПОДАТОЦИ ЗА КАЗНЕНА И ПРЕКРШОЧНА ЕВИДЕНЦИЈА

- Се наведуваат сите информации без разлика дали записите од случајот се избришани од судските евиденции или не, но притоа не се наведуваат малите сообраќајни казни.

**а.** Се заокружува точниот одговор ДА или НЕ дали се водела или во моментот на пополнување на Безбедносниот прашалник се води против вас некоја кривична или прекршочна постапка.

**б.** Се заокружува точниот одговор ДА или НЕ дали ви се изречени правосилни или неправосилни судски пресуди или решенија на прекршочни органи.

- Ако на некое од прашањата под а) или б) сте одговориле со ДА, се дава објаснување за кое дело станува збор, кога и на кој суд се водела постапката и која е пресудата односно решението на судот.

- Доколку не ви е доволен просторот за одговор, истото може да го направите на дополнителен лист кој ќе го прикачите на крајот на прашалникот.

## 16. АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ОПОЈНИ ДРОГИ И/ИЛИ АЛКОХОЛ

- Под а), б) и в) се заокружува точниот одговор ДА или НЕ.
- Доколку на некое од прашањата под а), б) или в) сте одговориле потврдно, објаснете подетално.

## 17. ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА

**а.** Се наведуваат целосното име на матичната медицинска установа, името и презимето на матичниот лекар и информации за контакт (се наведува контакт телефон, на пр. 02/... 070/XXX XXX).

**б.** Се заокружува точниот одговор ДА или НЕ дали сте се лекувале или се лекувате од психички болести.

- Доколку сте одговориле потврдно, се наведува која болест, во кој период сте боледувале и колку траело (или се уште трае) лекувањето.

## 18. ПРЕТХОДНИ БЕЗБЕДНОСНИ СЕРТИФИКАТИ

- Под а), б) и в) се заокружува точниот одговор ДА или НЕ.
- Доколку вашиот одговор под а), б) или в) е потврден се даваат следните податоци:
  - во кој временски период сте имале безбедносен сертификат и за потребите на кој работодавач, кој бил видот и степенот на безбедносниот сертификат и периодот на неговата важност. Доколку не сте во можност да ги впишете точните датуми, доволно е да се опфати временскиот период во кој што сте работеле за потребите на работодавачот.
  - за кој сертификат ви било одбиено барањето или ви бил одземен издадениот безбедносен сертификат (наведете го видот и степенот на безбедносниот сертификат) и дали сте се жалеле на одлуката. Во случај на потврден одговор, потребно е да наведете кој бил резултатот од жалбената постапка.
- Доколку не ви е доволен просторот за одговор, истото може да го направите на дополнителен лист кој ќе го прикачите на крајот на прашалникот.

## 19. ЛИЧНА ФИНАНСИСКА И ИМОТНА СОСТОЈБА

**а. Редовни месечни приходи изразени во денари** – се наведува сумата на месечните приходи во денари.

**б. Доколку имате други приходи наведете ги заедно со нивниот износ изразен во денари** - се наведува сумата на дополнителните приходи во денари.

**в. Приближна вкупна пазарна вредност на недвижниот и движниот имот и парични средства изразено во денари** - се наведува приближната вкупна пазарна вредност на недвижниот и движниот имот и на паричните средства што ги поседувате, изразени во денари.

**г. Доколку имате финансиски обврски (кредити), наведете го нивниот износ** - се наведува износот изразен во денари, доколку имате финансиски обврски-кредити (станбен, потрошувачки...итн.).

**д. Дали сте имале даночни прекршоци? Доколку одговорите со ДА наведете ги прекршоците и периодот на нивно сторување.** – се одговара со ДА или НЕ дали сте имале даночни прекршоци. Доколку одговорот е ДА, потребно е да се наведат прекршоците и нивниот период на извршување.

## 20. БЕЗБЕДНОСЕН РИЗИК

- Под а), б) и в) се заокружува точниот одговор ДА или НЕ.
- Ако на некое од прашањата под а), б) или в) сте одговориле со „ДА“, објаснете подетално за каква активност станува збор, време и место на извршување.

## 21. СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ

- Се заокружува ДА или НЕ за да одговорите дали моментално имате или порано сте имале активни профили на социјалните мрежи на интернет (пр. Facebook, Twiter, Linkedin...итн...).
- Доколку одговорот е ДА, се наведуваат називите на социјалните мрежи и на профилите (корисничките имиња)
    - пр. Facebook, Instagram, Adrea_tea21...